ЏУДО ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТА НА КОМИСИЈА ЗА ПРИЕМ НА КЛУБОВИ

Скопје, 2018 година

Врз основа на чл. 40 од Статутот на ЏФМ, Извршниот одбор на Џудо Федерацијата на Македонија на седницата одржана на 30.10.2018 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК

## За работа на Комисија за прием на клубови

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се утврдува работата на Комисијата за прием на клубови, начинот, постапката и условите за прием на клубови во Џудо Федерацијата на Македонија (во понатамошниот текст ЏФМ).

### Член 2

Комисијата за прием на клубови е помошно тело на ЏФМ и брои 3 (три) членови.

Членовите на Комисијата за прием на клубови ја избира Извршниот одбор со мнозинство гласови.

Мандатот на членовите на Комисијата за прием на клубови трае 4 (четири) години и истите може да бидат повеќе пати избирани.

### Член 3

Од членовите на Комисијата, по предлог на Претседателот на ЏФМ се избира претседател на Комисијата за прием на членови.

Член 4

Комисијата за прием на клубови работи на седници за кои се води записник.

Седниците се одржуваат по потреба, но најмалку еднаш годишно.

Седниците ги закажува и води Претседателот на Комисијата за прием на клубови.

Во случаи на итност, седниците можат да се одржуваат и со посредство на електронски комуникации: интернет, телефонски врски, видео- конференции итн.

Учествувањето, записникот и гласањето од таквата седница задолжително се авторизира по седницата со мнозинство гласови.

Член 5

Одлуките на Комисијата за прием на клубови се донесуваат на седници на кои се присутни повеќе од половина членови, со мнозинство гласови од присутните членови.

По еден примерок од сите пишувани материјали кои произлегуваат од работењето на Комисијата за прием на клубови задолжително се доставуваат до архивата на ЏФМ најдоцна 3 дена од денот на одржувањето на седницата на која се донесени.

## УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ПРИЕМ НА КЛУБОВИ ВО ЏФМ

Член 6

За да може клуб да биде примен како член во ЏФМ неопходно е да ги исполнува следните услови:

- Да е основан во согласност со Законот за здруженија и фондации;
- Да ги исполнува условите предвидени со чл. 10 од Законот за спортот;

- Основна цел на неговото основање да биде развој и унапредување на џудото;
- Статутот на клубот да е усогласен со Статутот на ЏФМ;
- Да има добиено решение за вршење дејност спорт од Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија.

Член 7

За прием на клубот во ЏФМ, потребно е до Комисијата за прием на клубови да се поднесе:

- Барање за зачленување во ЏФМ;
- Решение од Централен регистар на РМ за регистрирање на граѓанското здружение/ џудо клубот;
- Статут на клубот;
- Доказ дека ги исполнува предвидените услови со чл. 10 од Законот за спорт;
- Записник од основачкото Собрание на клубот;
- Лични податоци за Претседателот и Секретарот на клубот;
- Доказ за платена годишна членарина за регистрација.

Член 8

По добивањето на комплетната документација од клубот- апликант, Претседателот на Комисијата за прием во рок од 15 дена закажува седница на Комисијата за да одлучува по однос на исполнетоста на условите кои се утврдени во член 6, алинеа 1, 2, 3 и 4.

По утврдувањето на исполнетоста на условите, Комисијата издава налог за издавање на потврда за исполнетост на условите за прием на нов џудо клуб.

Потврдата за исполнетост на условите ја потпишува Претседателот на ЦФМ, која е услов за добивање решение за вршење дејност спорт од Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија, услов предвиден во член 6, алинеа 5.

Член 9

Во случај на неисполнетост на условите од страна на клубот- апликант, Комисијата ќе донесе одлука со образложение и ќе утврди соодветен рок, но не подолг од 60 дена за надминување на пречките за исполнетост на условите.

Доколку клубот- апликант не ги отстрани пречките во дадениот рок, Комисијата ќе донесе решение дека не се исполнети условите, односно нема да издаде налог за издавање потврда за исполнетост на условите и ќе се смета дека предметот е затворен.

Клубот- апликант во ваков случај има право на писмена жалба во рок од 8 дена од денот на поминување на рокот даден за отстранување на пречките констатирани во образложението.

За жалбата во прв степен одлучува Комисијата за прием на клубови.

Во втор степен одлучува Извршниот одбор на ЦФМ врз основа на поднесена жалба по донесувањето на одлуката од првостепената комисија.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 10

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат на ист начин како и постапката за негово донесување.

Толкување на спорни одредби на Правилникот дава Комисијата за прием од прв степен, а во втор степен Извршниот одбор на ЏФМ.

Член 11

Овој Правилник стапува во сила на денот на неговото донесување.

Џудо Федерација на Македонија

Претседател, Зегљуљ Реџепи